RYDE
Regional Youth Dialogue for Europe

Funded by the European Union

# ПРЕПОРАКИ

## ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ КАНДИДАТИ КОИ ЌЕ НАСТАПАТ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

LEAD Leaders for Education, Activism and Development · FCD Fondacija Centar za Demokratiju / Center for Democracy Foundation · 30 godina years · AIEN Akademia e Integrimit Europian dhe Negociatave · IKS Iniciativa Kosovare për Stabilitet / Kosovo Stability Initiative · Мрежа прогресивни иницијатива / Network of Progressive Initiatives · НВО Инфоцентар · YouthAct

# ВОВЕД

Во периодот од 28 јуни до 1 јули 2025 година, во хотел Гардениа – Велес, се одржа Првото младинско собрание во Македонија, како дел од проектот „Локално учество, активизам и демократија“ што го имплементира Здружението Лидери за едукација, активизам и развој – LEAD.

Младинското Собрание претставуваше иновативен модел на делиберативна демократија, кој овозможи 50 млади луѓе на возраст од 15 до 23 година, избрани преку јавен повик и со родова, етничка, едукативна и регионална застапеност од сите статистички региони, да дискутираат, учат и креираат сопствени препораки за локалните политики кои ги засегаат младите.

Изборот на учесници беше направен според параметрите од пописот во 2021 за структурата на учесниците да може да ја преслика структурата на младите на возраст од 15 до 24 години.

Процесот беше структуриран низ неколку фази:

- Едукативен дел, каде учесниците се запознаа со надлежностите на локалната самоуправа и добија информации од експерти во 11 тематски области;

# ВОВЕД

- Работа во групи, каде што младите идентификуваа предизвици и формулираа препораки преку фасилитиран процес;
- Консензуална формализација, каде препораките беа заокружени со заедничко усогласување и гласање.

Препораките се наменети за политичките партии и нивните програми за претстојните локални избори во 2025 година, со цел во нив да бидат вклучени реални, информирани и автентични младински приоритети. Тие се формулирани на начин што овозможува флексибилна примена на ниво на различни општини, а во исто време содржат конкретност и насока што ја прават политички релевантна и програмски употреблива.

Со овој процес, младите покажаа дека кога им се даде простор, време и поддршка, тие можат да учествуваат соодветно и одговорно во креирање на политики што ги засегаат нив и нивните заедници.

Проектот „LEAP - Локално учество, активизам и демократија" е поддржан од Фондацијата Центар за демократија во рамки на проектот Regional Youth Dialogue for Europe, финансиран од Европска Унија.

# 1 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ПРЕПОРАКА 1

Воспоставување редовно и транспарентно следење на аерозагадувањето на ПМ10 и ПМ 2,5 од индустриски капацитети од Б категорија

## ПРЕПОРАКА 2

Целосна дислокација и санација на дивите депонии, со пренос на отпадот во регионални и легални депонии.

## ПРЕПОРАКА 3

Обезбедување канти за селекција на отпад во сите јавни институции и унапредување на локалниот систем за рециклирање.

## ПРЕПОРАКА 4

Воведување субвенции за инвертер клими и соларни панели за домаќинства што користат огревни дрва.

# 1 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ПРЕПОРАКА 5

Премин кон обновливи извори на енергија во најмалку 80% од општинските објекти во рок од три години.

## ПРЕПОРАКА 6

Субвенционирање и промоција на зелен транспорт на локално ниво, вклучително и јавен и индивидуален превоз.

## ПРЕПОРАКА 7

Формирање и активирање на општински еко-патроли за детекција и спречување на загадување.

# 2 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

## ПРЕПОРАКА 1

Обезбедување редовни едукативни програми за унапредување на примарната здравствена заштита, со фокус на критични зони.

## ПРЕПОРАКА 2

Формирање мобилни амбуланти за рурални и недоволно опслужени заедници

## ПРЕПОРАКА 3

Отворање на локални центри за бесплатна и анонимна психолошка поддршка и ментално здравје.

# 3 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

## ПРЕПОРАКА 1

Воведување комунални редари за надзор и пријавување на незаконско одлагање на отпад.

## ПРЕПОРАКА 2

Обезбедување селектирачки контејнери и компостери во руралните средини на општината.

## ПРЕПОРАКА 3

Изградба на стационар за згрижување и вдомување на кучиња скитници.

## ПРЕПОРАКА 4

Замена на постојните улични светилки со енергетски ефикасни соларни светилки.

## ПРЕПОРАКА 5

Воведување мониторинг на неправилно одложување отпад преку дронови и камери.

# 3 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

## ПРЕПОРАКА 6

Поттикнување на селекција на отпад преку програма за наградување со ваучери според учинок.

## ПРЕПОРАКА 7

Поставување велосипедски постојки на повеќе локации во општината.

## ПРЕПОРАКА 8

Изградба на пешачка и велосипедска патека која ги поврзува руралните и централните делови на општината.

## ПРЕПОРАКА 9

Санација и проширување на постојната водоводна мрежа.

## ПРЕПОРАКА 10

Воспоставување нови приградски и меѓуградски автобуски линии и подобрување на постоечките.

# 4 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА КУЛТУРА И СПОРТ

## ПРЕПОРАКА 1

Изградба и реконструкција на спортски сали во општините каде што недостасуваат или не се функционални.

## ПРЕПОРАКА 2

Континуирана поддршка на младинска културно-уметничка продукција и програми од страна на општините.

## ПРЕПОРАКА 3

Активирање на постоечката или развој на нова локална културна инфраструктура за поддршка на младински иницијативи.

## ПРЕПОРАКА 4

Зголемување на буџетот за набавка на материјали при организација на културно-забавни и спортски активности во младинските центри.

# 4 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА КУЛТУРА И СПОРТ

## ПРЕПОРАКА 5

**О**творање и финансирање на младински центри во сите локални заедници, согласно Законот за младинско учество и младински политики.

## ПРЕПОРАКА 6

Формирање Локален младински совет во секоја општина, согласно законските обврски за младинско учество.

# 5 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

## ПРЕПОРАКА 1

Развој на локалниот туризам преку уредување, доградување и промоција на природни и културни туристички локалитети.

## ПРЕПОРАКА 2

Промоција и поддршка на нови и иновативни локални бизниси преку финансиска и менторска поддршка.

## ПРЕПОРАКА 3

Поддршка и видливост за постоечките локални бизниси преку настани, кампањи и партнерства.

## ПРЕПОРАКА 4

Формирање општинска служба за идентификација и развој на неискористени локални ресурси и потенцијали.

# 6 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА ОБРАЗОВАНИЕ

## ПРЕПОРАКА 1

Задолжителна едукација на наставниот кадар од основните и средните училишта за справување со психофизичко насилство.

## ПРЕПОРАКА 2

Креирање буџетска програма за поддршка на талентирани ученици преку академии за вештини и стипендирање.

## ПРЕПОРАКА 3

Поставување кантини и/или автомати за храна во основните и средните училишта.

## ПРЕПОРАКА 4

Обезбедување бесплатни хигиенски производи за менструална и лична во училишните тоалети.

## ПРЕПОРАКА 5

Гарантирана психолошка поддршка за ученици, најмалку еднаш месечно, од надворешни стручни лица.

# 6 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА ОБРАЗОВАНИЕ

## ПРЕПОРАКА 6

Воведување на мерка „Средношколски оброк“ по примерот на студентскиот оброк.

## ПРЕПОРАКА 7

Формирање кариерни центри во училиштата достапни за учениците во текот на целата учебна година.



# 7 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

## ПРЕПОРАКА 1

Обезбедување општински буџет за инклузивни активности и обука на наставници за работа со лица со попреченост.

## ПРЕПОРАКА 2

Програма за бесплатна градинка за деца од социјално загрозени семејства

## ПРЕПОРАКА 3

Обезбедување пристапност во сите делови на училишниот објект за ученици со попреченост.

# 8 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА УРБАНИЗАМ

## ПРЕПОРАКА 1

Воведување јавен регистар на дивоградби и легализирани објекти во општината

## ПРЕПОРАКА 2

Изработка на регулациски урбанистички планови врз основа на реалните потреби на населението.

## ПРЕПОРАКА 3

Вклучување на младите во процесот на донесување детални урбанистички планови (ДУП-ови).

## ПРЕПОРАКА 4

Пренамена на неискористени општински објекти за содржини наменети за младите.

## ПРЕПОРАКА 5

Воспоставување на пилот-пешачки зони во општините со над 40.000 жители во одреден временски период.

# 8 ПРЕПОРАКИ ВО ОБЛАСТА УРБАНИЗАМ

## ПРЕПОРАКА 6

Инсталирање камери за мониторинг и заштита на јавните паркови и урбаната опрема.

## ПРЕПОРАКА 7

Обнова на застарената вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација.

## ПРЕПОРАКА 8

Адаптација на патната мрежа и сигнализацијата според потребите на лицата со попреченост.

## ПРЕПОРАКА 9

Изградба на младински центар за забава и рекреација (youth entertainment center) со културни и спортски содржини.

RYDE
Regional Youth Dialogue for Europe

Funded by the European Union

# ЦЕЛОСНИТЕ ПРЕПОРАКИ СО ОБРАЗЛОЖЕНИЈА И МЕРКИ СЕ ДОСТАПНИ НА СЛЕДНИОТ ЛИНК -

https://drive.google.com/file/d/10Tx37pDAZ81GfjlSotxwC7m9AOEqySFi/view?usp=sharing

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Здружението Лидери за едукација, активизам и развој и не нужно ги одразува ставовитена Европската Унија.

RYDE
Regional Youth Dialogue for Europe

Funded by the European Union

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЛИТИЧКИТЕ КАНДИДАТИ КОИ ЌЕ НАСТАПАТ НА ЛОКАЛНИТЕ ИЗБОРИ 2025 ГОДИНА

Оваа публикација е финансирана од Европската Унија. Нејзината содржина е единствена одговорност на Здружението Лидери за едукација, активизам и развој и не нужно ги одразува ставовитена Европската Унија.

LEAD Leaders for Education, Activism and Development
FCD Fondacija Centar za Demokratiju — Center for Democracy Foundation
AIEN Akademia e Integrimit Europian dhe Negociatave
IKS Iniciativa Kosovare për Stabilitet — Kosovar Stability Initiative
Mreža progresivnih inicijativa — Мрежа прогресивних иницијатива — Network of Progressive Initiatives
НВО Инфоцентар
YouthAct

# ОБЛАСТ - ЖИВОТНА СРЕДИНА

| ПРЕПОРАКА 1 (едногласно усвоена)<br><br>Воспоставување редовно и транспарентно следење на аерозагадувањето на ПМ10 и ПМ 2,5 од индустриски капацитети од Б категорија | |
|---|---|
| Образложение:<br>Обезбедувањето на здрава животна средина започнува со гарантирање на квалитетот на воздухот. Преку систематско и транспарентно следење на емисиите од индустриски објекти, општината ќе придонесе кон намалување на загадувањето, особено во грејната сезона. Важно е работата на локалниот инспектор за животна средина да биде отчетна и достапна за јавноста, со цел зголемување на довербата и граѓанскиот надзор. Паралелно, неопходно е да се намали употребата на огревни дрва и други загадувачки средства за затоплување на домаќинствата. | Активности:<br>1. Организирање месечни и ненајавени инспекциски контроли за проверка на функционирањето на постојните филтри во индустриските капацитети од Б категорија.<br>2. Редовно мерење и јавно објавување на податоци за загаденоста на воздухот на општинско ниво.<br>3. Набавка и поставување на калибрирани мерни инструменти за мониторинг на ПМ10 и ПМ2.5 честички во најзагрозените зони.<br>4. Субвенционирање на филтри за оџаци и опрема за намалување на емисии кај бизниси од Б категорија загадувачи. |

| ПРЕПОРАКА 2 (едногласно усвоена)<br><br>Целосна дислокација и санација на дивите депонии, со пренос на отпадот во регионални и легални депонии. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Дивите депонии претставуваат сериозна закана за јавното здравје, животната средина и одржливиот развој на општината. Тие директно влијаат врз квалитетот на животот на граѓаните, ја загрозуваат безбедноста на локалното население, ја нарушуваат сликата на општината како туристичка дестинација и го забавуваат процесот на урбанизација. Санацијата и отстранувањето на овие депонии се клучен чекор кон почиста и поуредена средина. | Активности/мерки:<br>1. Идентификација на сите постојни диви депонии преку систем за пријавување од граѓаните или со употреба на дронски снимки и гео-локациско мапирање.<br>2. Засилена контрола и надзор од страна на општинскиот инспектор за животна средина.<br>3. Целосна дислокација на отпадот кон регионални и легални депонии, заедно со можности за рециклирање и пренамена на дел од отпадот, каде што е возможно.<br>4. Развивање и промовирање на дигитална апликација („електронска еко-пријава“) за пријавување на диви депонии |

| ПРЕПОРАКА 3 (едногласно усвоена)<br><br>Обезбедување канти за селекција на отпад во сите јавни институции и унапредување на локалниот систем за рециклирање. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Селекцијата и рециклирањето на отпадот се основа за чиста, здрава и еколошки одржлива заедница. Преку воведување функционален систем за управување со отпад, се намалува загадувањето, се подобрува јавната хигиена и се зголемува квалитетот на животот. Со тоа, општината ќе придонесе кон заштита на здравјето на граѓаните, долгорочна заштеда и еколошка свест кај населението. | Активности/мерки:<br>1. Спроведување на кампањи за подигнување на јавната свест за значењето на селекција и рециклирање на отпадот.<br>2. Набавка и поставување на канти за селекција на отпад во сите јавни институции под надлежност на општината (училишта, општински згради, здравствени установи).<br>3. Засилена контрола и транспарентна регулација на процесот на собирање, транспортирање и крајна дестинација на отпадот.<br>4. Идентификација на критични точки без соодветна инфраструктура за селекција на отпад и воспоставување на систем за нивно опремување.<br>5. Продлабочување на соработката со компании и организации кои работат во областа на рециклирање и циркуларна економија. |

| ПРЕПОРАКА 4 (едногласно усвоена)<br><br>Воведување субвенции за инвертер клими и соларни панели за домаќинства што користат огревни дрва. (во општините во кои не се спроведува). | |
|---|---|
| Образложение:<br>Воведувањето субвенции за инвертер клими и соларни панели ќе овозможи значително намалување на користењето на огревни дрва, што директно ќе придонесе кон намалување на аерозагадувањето, особено во зимскиот период. Дополнително, овие мерки претставуваат економски поодржлива и енергетски поефикасна опција за домаќинствата, со што се подобрува квалитетот на живеење и се поттикнува користење на чисти извори на енергија. | Активности/мерки:<br>1. Финансиска поддршка за набавка на инвертер клими и соларни панели за домаќинства со пониски месечни приходи<br>2. Годишно спроведување на јавен повик за доделување на субвенции, со јасни критериуми за приоритетно поддржување на енергетски ранливи категории.<br>3. Промоција на мерката преку локални медиуми и инфо-денови за да се зголеми нејзината искористеност.<br>4. Мониторинг и евалуација на имплементацијата со цел да се процени ефикасноста и опфатот на мерката во однос на намалување на загадувањето. |

| ПРЕПОРАКА 5 (едногласно усвоена)<br><br>Премин кон обновливи извори на енергија во најмалку 80% од општинските објекти во рок од три години. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Преминот кон обновливи извори на енергија во јавните објекти ќе овозможи значително намалување на емисиите на штетни гасови, а истовремено ќе резултира со поефикасно и поекономично управување со општинските ресурси. Оваа мерка не само што го намалува загадувањето, туку и го позиционира општеството како одговорен и иновативен пример за одржлив развој, особено имајќи предвид високата соларна изложеност низ годината. | Активности/мерки:<br>1. Инсталирање соларни панели на јавни објекти, искористувајќи ги поволните климатски услови со до 280 сончеви денови годишно.<br>2. Воведување и инсталација на други обновливи извори на енергија, како ветерници, каде што условите го дозволуваат тоа.<br>3. Поставување на соларни клупи во јавни простори како што се училишни дворови, паркови и плоштади, со цел функционална употреба и еколошка едукација.<br>4. Разработка на тригодишен план за постепено преминување на најмалку 80% од јавните објекти кон обновлива енергија, со јасни индикатори за напредок. |

| ПРЕПОРАКА 6 (едногласно усвоена)<br><br>Субвенционирање и промоција на зелен транспорт на локално ниво, вклучително и јавен и индивидуален превоз. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Поддршката и промоцијата на зелен транспорт претставува стратешки чекор кон намалување на зависноста од возила што користат фосилни горива. Преку поттикнување на употребата на електрични автобуси, велосипеди и тротинети, се овозможува намалување на аерозагадувањето, подобрување на квалитетот на воздухот и унапредување на здравјето на граѓаните. Оваа мерка истовремено придонесува и за создавање на поодржлив, современ и еколошки транспортен систем на локално ниво. | Активности/мерки:<br>1. Набавка на електрични автобуси за јавно-приватниот транспортен систем, со фокус на релации со голем фреквентен сообраќај.<br>2. Субвенционирање на купување велосипеди, електрични тротинети и други видови на одржлив транспорт за граѓаните, особено за младите и семејствата со пониски приходи.<br>3. Изградба и поврзување на велосипедски патеки низ урбаните и руралните делови на општината.<br>4. Воведување на бесплатен јавен превоз за одредени категории граѓани или на целата територија во рамки на еколошки иницијативи.<br>5. Информативна кампања за промоција на придобивките од користење зелен транспорт и активна мобилност. |

## ОБЛАСТ ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 1 (едногласно усвоена)<br><br>Обезбедување редовни едукативни програми за унапредување на примарната здравствена заштита, со фокус на критични зони.</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>Редовната едукација во областа на примарната здравствена заштита е клучна за унапредување на јавното здравје. Таа овозможува подобра информираност на граѓаните, зголемување на довербата во медицинскиот персонал, како и рана превенција од болести. Специфичен фокус треба да се стави на критичните зони, каде што пристапот до информации и услуги е ограничен. Со ова, се зајакнува отпорноста на заедницата и се поттикнува поодговорно однесување кон сопственото здравје.</td><td>Активности/мерки:<br>1. Имплементација на три нивоа на едукативни методи:<br>Масовни – преку медиуми, интернет, весници, флаери и јавни кампањи<br>Умерени – преку локални проекти, настани и обуки за здравствена писменост<br>Мали групи – директна едукација во заедницата, со фокус на ранливи групи<br>2. Разработка на информативни материјали достапни на локалните јазици за зголемена вклученост.<br>3. Буџетска обврска на општината – одвојување најмалку 2% од буџетот за овие програми.<br>4. Соработка со релевантни организации кои веќе работат на темата (здруженија, институции, НВО).<br>5. Кампањи за подигнување на свеста за важноста на вакцинирањето и улогата на конвенционалната медицина.<br>6. Организирање на редовни едукативни презентации по училишта, прилагодени на возраста и потребите на учениците.<br>7. Практични вежби за прва помош, достапни за поширок круг граѓани.</td></tr>
</table>

## ПРЕПОРАКА 2 (едногласно усвоена)

### Формирање мобилни амбуланти за рурални и недоволно опслужени заедници

| Образложение: | Активности/мерки: |
|---|---|
| Во руралните и тешко достапни подрачја, граѓаните често се соочуваат со ограничен или целосен недостиг на пристап до здравствени услуги. Воведувањето мобилни амбуланти ќе обезбеди еднаков пристап до основна медицинска грижа за сите, без оглед на нивната географска положба. Оваа мерка ќе придонесе кон намалување на здравствените нееднаквости и подобрување на општото здравје на населението во недоволно опслужените средини. | 1. Утврдување на постојните здравствени и човечки ресурси на ниво на општина, како основа за планирање.<br>2. Обезбедување на соодветна опрема и возила за функционирање на мобилните амбуланти.<br>3. Планирање и доделување на еднократен инвестициски буџет за воспоставување на амбулантите.<br>4. Остварување на меѓуопштинска соработка, со цел поделба на ресурси и покривање на повеќе населени места.<br>5. Ангажирање на најмалку два општи лекари кои ќе ја покриваат територијата според однапред утврден распоред.<br>6. Вклучување на специјалисти и лекари на повик од различни области, според потребите на населението. |

## ПРЕПОРАКА 3 (7 ПРОТИВ, 3 ВОЗДРЖАНИ, 35 ЗА)

### Отворање на локални центри за бесплатна и анонимна психолошка поддршка и ментално здравје.

| Образложение: | Активности/мерки: |
|---|---|
| Современите предизвици сè почесто доведуваат до зголемен број граѓани кои се соочуваат со психолошки проблеми, а немаат соодветен и пристапен начин да побараат помош. Основањето на локални центри за бесплатна и анонимна психолошка поддршка ќе овозможи навремена интервенција, намалување на стигмата околу менталното здравје и поголема грижливост од страна на општините. Центрите ќе бидат безбеден простор каде граѓаните можат да добијат поддршка, совети и стручна помош. | 1. Воведување на бесплатна и доверлива телефонска линија (хотлајн) за психолошка поддршка достапна 24/7.<br>2. Формирање мултидисциплинарен тим од психолози, психотерапевти и социјални работници кои ќе работат со лица на кои им е потребна стручна помош – индивидуално и во групи<br>3. Организирање на работилници и едукативни сесии за ментално здравје на локално ниво, отворени за различни возрасни групи.<br>4. Јавна кампања за промоција на услугите на центрите, со цел зголемување на свесноста и довербата кај граѓаните.<br>5. Вмрежување на сите психолози вклучени во програмата во рамки на општинска мрежа за размена на знаење и меѓусебна поддршка. |

# ОБЛАСТ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 1 (5 ПРОТИВ, 45 ЗА)<br><br>Воведување комунални редари за надзор и пријавување на незаконско одлагање на отпад.</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>Неконтролираното и несовесно одлагање отпад е еден од најчестите проблеми во урбаните и руралните заедници. Постоечките комунални инспектори се пречесто преоптоварени и дејствуваат само по пријава, што ја намалува ефикасноста на надзорот. Воведувањето на комунални редари кои ќе делуваат проактивно на терен ќе обезбеди постојан мониторинг, побрза реакција, и ќе придонесе кон почиста и поуредена општина.</td><td>Активности/мерки:<br>1. Издвојување на посебен буџет од страна на општината за запослување и функционирање на комуналните редари.<br>2. Поделба на општинската територија на реони, според бројот на жители и фреквенцијата на загадување, за ефективна покриеност.<br>3. Организирање на обука за нововработените редари, со акцент на правната регулатива, комуникација со граѓани и постапување на терен.<br>4. Воведување работа во смени, со цел присуство на редари во различни делови од денот и неделата.<br>5. Јавна комуникација и известување за активностите, преку социјални мрежи и локални медиуми, со цел транспарентност и едукација на граѓаните.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 2 (едногласно усвоена)<br><br>Обезбедување селектирачки контејнери и компостери во руралните средини на општината.</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>Руралните средини во голем дел од општините се соочуваат со недоволна покриеност со инфраструктура за управување со отпад – нема канти, селектирачки контејнери, ниту редовно собирање. Воведувањето на комплетен систем за селекција и компостирање на отпадот не само што ќе придонесе за почиста животна средина и зголемена свест кај жителите, туку ќе понуди и директни придобивки за локалното земјоделство преку производство на органски компост.</td><td>Активности/мерки:<br>1. Издвојување буџетски средства за набавка и поставување на контејнери и компостери во руралните населени места.<br>2. Набавка и инсталација на соодветни канти и селектирачки контејнери, со обележани фракции (пластика, хартија, органски отпад).<br>3. Именување и обука на надлежен одговорен за одржување на реонот, вклучително и следење на наполнетост и потреби за испразнување.<br>4. Воспоставување редовна динамика за собирање на отпад со транспарентен распоред достапен за жителите.<br>5. Користење на селектираниот органски отпад за производство на</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | компост, кој потоа може да се дистрибуира или користи за локални земјоделски потреби.<br>6. Кампања за подигање на свеста во руралните заедници за придобивките од рециклирање и компостирање. |

| ПРЕПОРАКА 3 (едногласно усвоена)<br><br>Изградба на стационар за згрижување и вдомување на кучиња скитници. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Зголемениот број на кучиња скитници претставува сериозен предизвик за многу општини – создава чувство на несигурност кај граѓаните, ризик од повреди, болести и нарушување на јавниот ред. Истовремено, овие животни живеат во несоодветни услови, без грижа и заштита. Изградбата на општински стационар ќе овозможи хуман третман на кучињата скитници, нивно згрижување, здравствена заштита и вдомување преку јасно организирана и транспарентна програма. | Активности/мерки:<br>1. Издвојување на средства од општинскиот буџет, и за еднократна изградба и за тековно функционирање на стационарот.<br>2. Изградба на функционален и хуман стационар, со стандарди за безбедност, хигиена и грижа за животните.<br>3. Дефинирање и спроведување на стандардизирана програма за вдомување на кучиња скитници, со јасни чекори и услови.<br>4. Јавна кампања за промоција на вдомување, со вклучување на заедницата, училиштата и локални бизниси.<br>5. Формирање на волонтерска програма за грижа, прошетка и социјализација на кучињата.<br>6. Регуларна вакцинација, стерилизација и ветеринарна грижа за сите згрижени животни, во согласност со законската регулатива. |

| ПРЕПОРАКА 4 (едногласно усвоена)<br><br>Замена на постојните улични светилки со енергетски ефикасни соларни светилки. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Уличното осветлување претставува значаен трошок во општинските буџети, особено кога се користат застарени и енергетски неефикасни светилки. Замена со соларни и енергетски ефикасни светилки овозможува долгорочна заштеда, одржливо користење на ресурси, намалување на ризици од пожари и подобрување на јавната безбедност. Ваквиот пристап претставува паметна инвестиција што директно ги подобрува | Активности/мерки:<br>1. Издвојување буџетски средства за набавка на енергетски ефикасни соларни улични светилки.<br>2. Набавка и инсталација на соларни светилки по приоритетни локации во општината (улици, паркови, училишни дворови).<br>3. Планирање на фази за замена, почнувајќи од најоптоварените или најнеосветлени делови.<br>4. Редовно одржување и техничка проверка на светилките за долгорочна функционалност и безбедност. |

| | |
|---|---|
| условите за живеење на граѓаните. | 5. Информирање на граѓаните за користа од ваквата замена, со цел поттикнување на одобрување и поддршка на вакви зелени мерки. |

| ПРЕПОРАКА 5 (4 ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАНИ, 40 ЗА)<br><br>Воведување мониторинг на неправилно одложување отпад преку дронови и камери. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Воведувањето на технолошки решенија, како што се дронови и камери, овозможува континуирано и сеопфатно следење на непрописно одлагање на отпад. Овие алатки се ефикасни, долгорочно исплатливи и овозможуваат покривање на голема територија со минимален човечки ресурс. Тие се клучни за зајакнување на надзорот, брза реакција и превенција на загадување, особено на тешко достапни локации. | Активности/мерки:<br>1. Издвојување буџет за набавка на дронови и камери специјализирани за мониторинг на отворен простор.<br>2. Искористување на постојната инфраструктура, како безбедносните камери од системот „Safe City“, за проширена контрола.<br>3. Пренамена на веќе постоечки дронови (на пример, користени од полицијата) за следење на комунални прекршоци.<br>4. Формирање на оперативен тим задолжен за следење на видео-снимки, идентификување на прекршоци и доставување на пријави до надлежните органи.<br>5. Транспарентна комуникација со јавноста, преку редовни извештаи за резултатите од технолошкиот надзор.<br>6. Разработка на модел за дополнително финансирање, преку привлекување спонзори и донации за проширување на системот. |

| ПРЕПОРАКА 6 (6 ПРОТИВ, 3 ВОЗДРЖАНИ, 37 ЗА)<br><br>Поттикнување на селекција на отпад преку програма за наградување со ваучери според учинок. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Ниското ниво на еколошка свест и недоволната информираност за селекција на отпад кај граѓаните придонесуваат за зголемено загадување и неефикасно управување со отпадот. Поттикнување на селекцијата преку програма „учинок – награда“ (поени што се заменуваат за ваучери) претставува иновативен начин да се стимулира одговорно однесување, особено преку позитивна мотивација и вклучување на локални актери. | Активности/мерки:<br>1. Издвојување буџет за креирање систем на ваучери и награди за граѓаните што селектираат отпад.<br>2. Објавување повик за локални партнери (продавници, компании, сервиси) кои ќе соработуваат во системот на награди.<br>3. Изработка на маркетинг и комуникациска стратегија за ширење на информацијата и поттикнување на учество.<br>4. Развивање на систем за мерење на селектираниот отпад и пресметување на поени за секој граѓанин/домаќинство.<br>5. Интегрирање и унапредување на постојните иницијативи за |

| | |
|---|---|
| | селекција и рециклирање, со вклучување на општината и невладиниот сектор. |

| ПРЕПОРАКА 7 (едногласно усвоена)<br><br>Поставување велосипедски постојки на повеќе локации во општината. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Во повеќето општини постои недостиг или целосно отсуство на велосипедски постојки, што претставува пречка за граѓаните кои користат велосипед како алтернативно превозно средство. Поставувањето на велосипедски постојки ќе го олесни и поттикне користењето на велосипеди, особено во поголемите општини. Ова ќе придонесе кон намалување на употребата на автомобили, намалување на аерозагадувањето и промовирање на здрави животни навики. | Активности/мерки:<br>1. Мапирање на локации со најголема потреба од велосипедски постојки, во консултација со граѓаните и урбанистите.<br>2. Издвојување буџетски средства за набавка и инсталација на велосипедски постојки на повеќе локации во општината.<br>3. Поставување на постојките на стратешки и пристапни места (училишта, институции, трговски зони, јавни паркови).<br>4. Воспоставување на систем за редовно одржување, поправка и надградба на постојките.<br>5. Информативна кампања за користење на постојките и промоција на велосипедскиот превоз. |

| ПРЕПОРАКА 8 (едногласно усвоена)<br><br>Изградба на пешачка и велосипедска патека која ги поврзува руралните и централните делови на општината.постојки на повеќе локации во општината. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Недостатокот на безбедна инфраструктура за пешаци, велосипедисти и корисници на електрични тротинети значително ја намалува безбедноста и мобилноста на жителите од руралните делови на општината. Изградбата на пешачко-велосипедска патека која ги поврзува руралните со централниот дел на општината ќе обезбеди сигурен, еколошки и економичен начин на движење. Дополнително, патеката ќе има рекреативна функција и ќе придонесе кон подигање на квалитетот на живот во општината. | Активности/мерки:<br>1. Издвојување на општински буџет за реализација на патеката.<br>2. Изработка на план и детално мапирање на трасата за изградба на пешачко-велосипедската патека.<br>3. Изградба на патеката, во согласност со стандарди за безбедност и пристапност.<br>4. Обележување, осветлување и воспоставување на систем за редовно одржување на патеката.<br>5. Разубавување на околината, преку урбано зеленило, клупи и визуелни елементи што ја прават патеката привлечна и пријатна за користење. |

| ПРЕПОРАКА 9 (1 ПРОТИВ, 44 ЗА)<br><br>Санација и проширување на постојната водоводна мрежа. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Стара и дотраена водоводна мрежа е честа појава во голем број општини, што резултира со чест прекин во водоснабдувањето, намален притисок, контаминација на водата и оштетувања на патната инфраструктура поради пукање на цевки. Со санација и проширување на постојната мрежа ќе се подобри квалитетот на водоснабдувањето и ќе се зголеми сигурноста и ефикасноста на услугата за граѓаните. | Активности/мерки:<br>1. Спроведување на сеопфатна анализа за утврдување на состојбата на водоводната инсталација, особено во деловите под патишта.<br>2. Санација и замена на застарената водоводна мрежа со современи и отпорни материјали.<br>3. Проширување на мрежата кон нови населени места или делови кои сè уште немаат пристап до јавна водоводна мрежа.<br>4. Навремено и транспарентно информирање на јавноста за фазите на санација и деловите што се опфатени со интервенции. |

| ПРЕПОРАКА 10 (1 ПРОТИВ, 44 ЗА)<br><br>Воспоставување нови приградски и меѓуградски автобуски линии и подобрување на постоечките. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Постојат ограничени можности за транспорт помеѓу соседни општини, особено во вечерните часови и кај помалите општини. Нередовните и нерегулирани линии на градскиот и приградскиот превоз ги отежнуваат секојдневните активности на граѓаните. Воспоставување на нови и функционални линии ќе го подобри квалитетот на живот, пристапот до услуги и ќе ја зголеми мобилноста. | Активности/мерки:<br>1. Одвојување на буџетски средства за набавка на нови возила и вработување на потребен кадар.<br>2. Истражување на транспортните потреби на населението преку анкети, јавни консултации и анализа на постојната состојба.<br>3. Формирање нов, оптимизиран возен ред за градски, приградски и меѓуопштински линии.<br>4. Воспоставување на систем за редовна контрола и мониторинг на фреквенцијата и функционалноста на линиите. |

## ОБЛАСТ КУЛТУРА И СПОРТ

| ПРЕПОРАКА 1 (едногласно усвоена)<br><br>Изградба и реконструкција на спортски сали во општините каде што недостасуваат или не се функционални. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Во многу општини недостасуваат спортски сали или постоечките се во лоша состојба – без основни услови како греење, вентилација и одржување. Недостигот на вакви простори ја ограничува можноста за отворање и развој на спортски клубови, го намалува физичкото активирање на младите и влијае врз нивната социјализација. Спортските сали можат да се користат и за културни, забавни и едукативни настани, придонесувајќи за побогат јавен и заеднички живот. | Активности/мерки:<br>1. Воведување на минимален буџет (baseline) за изградба или реконструкција на сали, прилагоден на бројот на жители и општинскиот буџет.<br>2. Распишување транспарентен јавен повик за проекти поврзани со изградба или санација на сали.<br>3. Мапирање и теренска анализа на објекти кои имаат потреба од реновирање.<br>4. Анкетирање на граѓани и засегнати страни (тренери, млади, спортисти, наставници) од страна на младите во општината за да се утврдат реалните потреби. |

| ПРЕПОРАКА 2 (едногласно усвоена)<br><br>Континуирана поддршка на младинска културно-уметничка продукција и програми од страна на општините. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Во општините постои сè поголема занемареност на локалната култура, традиција и уметност. Младинската културна сцена не добива доволно институционална поддршка, а локалните уметници ретко се промовираат. Со воспоставување на континуирана поддршка, ќе се овозможи развој на креативниот израз кај младите, зачувување на традицијата и збогатување на културниот живот во заедницата. | Активности/мерки:<br>1. Издвојување на средства од општинскиот буџет за финансирање културно-уметнички и спортски настани, со фокус на младинско учество.<br>2. Активна промоција и информирање на јавноста за културните настани преку социјални мрежи, општински веб-страници и локални медиуми.<br>3. Распишување јавен повик или конкурс за поддршка на локални уметници, изведувачи и креативци, со транспарентна селекција и инклузивност. |

ПРЕПОРАКА 3 (едногласно усвоена)

Активирање на постоечката или развој на нова локална културна инфраструктура за поддршка на младински иницијативи.

| Образложение: | Активности/мерки: |
|---|---|
| Во моменталната состојба, локалната културна инфраструктура (културни домови, установи) е недоволно искористена и не ја рефлектира ниту ја промовира културната традиција и историското наследство на заедницата. Како резултат, и локалното население и туристите остануваат без можност да се запознаат со автентичната културна и историска слика на местото. Активирањето или развојот на нова културна инфраструктура ќе овозможи оживување на локалната културна сцена и афирмација на културниот идентитет. | 1. Издвојување средства од општинскиот буџет за изградба или адаптација на локална културна установа.<br>2. Прибирање и изложување културно наследство специфично за општината – етнографски предмети, историски документи, фотографии, традиционални носии, музички инструменти, легенди и приказни.<br>3. Информирање на јавноста за постоењето и функцијата на установата преку различни канали.<br>4. Организирање на годишни посети од училишта, со цел културна едукација на младите.<br>5. Ангажирање стручен кадар (антрополози, етнолози, фолклористи, уметници) кој ќе работи на програми за интерпретација на локалната култура и водење на посетители. |

ПРЕПОРАКА 4 (1 ВОЗДРЖАН, 44 ЗА)

Зголемување на буџетот за набавка на материјали при организација на културно-забавни и спортски активности во младинските центри.

| Образложение: | Активности/мерки: |
|---|---|
| Во моментов, само 0,1% од општинскиот буџет се издвојува за поддршка на Младинските центри, што е недоволно за нивно ефективно функционирање. Согласно Законот за младинско учество и младински политики, општините се должни да обезбедат соодветни услови за работење на најмалку еден младински центар на нивна територија. Зголемувањето на буџетот ќе овозможи почести и поквалитетни активности од интерес на младите, кои ќе придонесат за нивна културна, спортска и лична афирмација. | 1. Зголемување на финансиските средства во буџетската ставка за Младински центри, особено за набавка на материјали потребни за културно-забавни и спортски настани.<br>2. Редовна промоција на активностите на Младинските центри преку општинската веб-страна и социјалните мрежи.<br>3. Јавни повици и консултации со млади, со цел утврдување на потребите и интересите во доменот на културата и спортот.<br>4. Вклучување на младите во организацијата на настаните, со цел развој на нивни организациски и креативни вештини. |

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 5 (едногласно усвоена)<br><br>Отворање и финансирање на младински центри во сите локални заедници, согласно Законот за младинско учество и младински политики.</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>Во моментот, на територијата на Македонија функционираат само девет активни младински центри, што е далеку од предвиденото со законската обврска секоја општина да воспостави младински центар. Отворањето на младински центри претставува клучен чекор кон развој на младите, нивно активно учество во заедницата и креирање на безбеден и продуктивен простор за неформално учење, креативен израз и иницијатива.</td><td>Активности/мерки:<br>1. Издвојување на средства од општинскиот буџет за изградба, уредување и опремување на младинскиот центар.<br>2. Доделување на простор за младинскиот центар, преку потпишување на Меморандум за соработка со релевантни институции или организации.<br>3. Организирање на отворени панел-дискусии со млади, заедно со локалната самоуправа, со цел дефинирање на потребите и очекувањата од младинскиот центар.<br>4. Распишување јавен повик за избор на граѓанска организација (НВО) што ќе го менаџира центарот, во согласност со принципите на транспарентност и квалитет на програма.<br>5. Развивање на годишна програма за работа на центарот, во соработка со младите од заедницата.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 6 (едногласно усвоена)<br><br>Формирање Локален младински совет во секоја општина, согласно законските обврски за младинско учество.</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>Формирањето на Локален Младински Совет претставува основен механизам за активно и институционализирано вклучување на младите во процесите на носење одлуки на локално ниво. Преку ЛМС, младите добиваат можност да предлагаат иницијативи, да даваат мислења за прашања што ги засегаат, и да соработуваат со општинските институции во креирање на младински политики и програми. Ова овозможува зголемено чувство на припадност, одговорност и граѓански ангажман меѓу младите.</td><td>Активности/мерки:<br>1. Усвојување одлука од страна на Советот на општината за формирање на Локален Младински Совет, согласно Законот за младинско учество и младински политики.<br>2. Изработка и усвојување на правилник за функционирање на ЛМС, кој вклучува изборен процес, мандат на членовите, динамика на состаноци и надлежности.<br>3. Организирање на јавен повик за избор на членови на ЛМС, вклучително и млади од различни категории: ученици, студенти, млади активисти, претставници на младински организации, неформални групи и други.<br>4. Обезбедување логистичка и техничка поддршка за редовно</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | функционирање на ЛМС (простор, материјали, пристап до општински информации и лица за контакт).<br>5. Следење и евалуација на работата на ЛМС, со вклученост на самите млади во неговото унапредување. |

## ОБЛАСТ ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 1 (едногласно усвоена)<br><br>Развој на локалниот туризам преку уредување, доградување и промоција на природни и културни туристички локалитети.</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>Многу општини располагаат со вредни природни богатства, културни знаменитости и историски локалитети како што се стари манастири, кои се недоволно искористени за развој на туризмот. Нивната промоција и уредување може да придонесе за економски развој на локалната заедница, отворање нови работни места за млади луѓе, а воедно и за зајакнување на чувството на локален идентитет и гордост. Развојот на туризмот е одржлива можност за ревитализација на руралните општини.</td><td>Активности/мерки:<br>1. Организирање програми за волонтери и млади ангажирани лица кои ќе се грижат за редовно одржување и уредување на природните ресурси, пристапните патеки и локалитетите; воспоставување на платен систем за ангажирање на млади како потенцијални идни водичи или еко-работници.<br>2. Реновирање и адаптација на постојните туристички капацитети (хостели, одморалишта, објекти за сместување) во близина на природни и културни локалитети.<br>3. Создавање веб страница и одржување на социјални медиуми за систематска промоција на локалните туристички потенцијали (планини, езера, пештери, манастири, етно-села и слично).<br>4. Организирање инклузивни културно-забавни настани на или во близина на природните и културни локалитети, со цел привлекување на домашни и странски посетители, како и вклучување на различни целни групи (лица со попреченост, семејства, млади и сл.).</td></tr>
</table>

ПРЕПОРАКА 2 (едногласно усвоена)

Промоција и поддршка на нови и иновативни локални бизниси преку финансиска и менторска поддршка.

| Образложение: | Активности/мерки: |
|---|---|
| Поттикнувањето на претприемништвото преку нови и иновативни локални бизнис идеи претставува клучен механизам за економски развој на општините. Овие иницијативи имаат потенцијал не само да ги задоволат локалните потреби, туку и да се пласираат на националниот и меѓународниот пазар. Ваквиот пристап поттикнува младинска вработеност, задржување на младите во општината и подобрување на економската структура преку одржливи и оригинални решенија. | 1. Распишување конкурс за неповратни грантови од минимум 5.000 евра за нови и иновативни бизнис идеи, со јасно дефинирани критериуми за иновативност, одржливост и локално влијание.<br>2. Обезбедување дополнителна финансиска поддршка за бизниси кои ќе покажат позитивен фискален прираст и потенцијал за раст.<br>3. Организирање на локални саеми и настани за промоција на производите и услугите од новите бизниси.<br>4. Систематски мониторинг и менторска поддршка низ сите фази на развојот на бизнисот – од идеја, преку имплементација, до стабилно работење.<br>5. Одржување курсеви и едукативни работилници за основање и водење бизнис, финансиска писменост, маркетинг и дигитални алатки.<br>6. Финансирање платена промоција на избраните бизниси преку локални медиуми, социјални мрежи и општински комуникациски канали. |

ПРЕПОРАКА 3 (4 ПРОТИВ, 1 ВОЗДРЖАН, 40 ЗА)

Поддршка и видливост за постоечките локални бизниси преку настани, кампањи и партнерства.

| Образложение: | Активности/мерки: |
|---|---|
| Постоечките локални бизниси се темелот на економскиот развој на заедницата. Со соодветна поддршка и зголемена видливост, тие можат значително да го зајакнат локалниот пазар, да креираат работни места и да инспирираат млади луѓе да започнат сопствени иницијативи. Промоцијата на успешни претприемачки приказни исто така придонесува за зајакнување на претприемачкиот дух во заедницата. | 1. Организирање на локални саеми со зголемено учество на микро, мали и средни бизниси.<br>2. Спроведување на јавни кампањи и настани за поддршка на локалната економија, со партнерство меѓу општината и локални организации.<br>3. Кампањи со инфлуенсери, кои ќе промовираат локални бизниси (пр. преку замена на услуги).<br>4. Креирање на емисија или видеосеријал во соработка со локални медиуми за прикажување на „скриените дијаманти“ од локалниот бизнис свет. |

| | |
|---|---|
| | 5. Создавање на визуелен амблем/ознака за препознатливи производи и услуги што потекнуваат од општината („Локален производ со гордост“).<br>Поттикнување и инспирација:<br>6. Промоција на успешни млади претприемачи, со интервјуа, видеа и јавни настапи.<br>7. Вклучување на локални производи и бизниси во општински настани, како и нивна промоција преку институционални канали.<br>Поддршка и олеснување:<br>8. Партнерства со локални медиуми за обезбедување бесплатен или субвенциониран медиумски простор за бизниси. |

| ПРЕПОРАКА 4 (8 ВОЗДРЖАНИ, 37 ЗА)<br><br>Формирање општинска служба за идентификација и развој на неискористени локални ресурси и потенцијали. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Многу општини во Македонија не ги користат своите природни, културни и економски ресурси кои можат да придонесат за локален развој и економски раст. Овие неискористени потенцијали – како што се природни убавини, неискористени земјоделски површини, стари фабрички капацитети, човечки ресурси, манастири и рудници (кои не загадуваат) – можат да станат двигатели на економијата ако бидат правилно идентификувани и развиени. | Активности/мерки:<br>Идентификација и истражување:<br>1. Формирање на општинска служба/одделение задолжено за мапирање на неискористените ресурси.<br>2. Ангажирање на експерти од релевантни области (економија, туризам, екологија, рурален развој, урбанизам).<br>3. Изработка на локален план за развој на идентификуваните потенцијали (по области: туризам, земјоделство, култура, индустрија).<br>Вклучување на млади:<br>4. Ангажирање на студенти и средношколци во иницијативи за теренско истражување, чистење и активирање на локации.<br>Промоција и јавност:<br>5. Промоција на потенцијалите преку медиуми, со цел зголемување на интерес кај инвеститори, жители и локални чинители.<br>6. Јавна презентација на резултатите од мапирањето и можностите за развој пред советот, бизнис заедницата и младинските групи.<br>Буџет и поддршка:<br>7. Определување на буџет од страна на општината за работа на службата и реализација на првични интервенции (чистење, ознака, достапност). |

# ОБЛАСТ ОБРАЗОВАНИЕ

| ПРЕПОРАКА 1 (едногласно усвоена)<br><br>Задолжителна едукација на наставниот кадар од основните и средните училишта за справување со психофизичко насилство. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Наставниот кадар често не е доволно подготвен да препознае, спречи или адекватно реагира на случаи на психичко и физичко насилство меѓу учениците. Со систематска едукација, ќе се придонесе кон:<br><br>Намалување на бројот и последиците од психофизичко насилство во училиштата.<br><br>Поголема свесност за штетите од насилство врз менталното здравје на учениците.<br><br>Создавање на побезбедна и поддржувачка училишна средина | Активности/мерки:<br>1. Организирање на работилници за наставници со сертифицирани експерти за насилство, детска психологија и педагогија.<br>2. Планирање и обезбедување на буџет од страна на МОН и општините за спроведување на едукативниот процес.<br>3. Развој на прирачник со насоки и практични алатки за наставници за препознавање и справување со насилство.<br>4. Креирање на модуларна програма за обука, прилагодена на различни профили на наставен кадар (разделена по ниво на образование, урбани/рурални средини, итн.).<br>5. Развивање на свест и емпатија кај наставниците преку тематски сесии и интерактивни методи (симулации, сценарија, студии на случај).<br>6. Воспоставување на механизам за евалуација на ефектите од едукацијата преку самопроценка, фокус групи и ученичка повратна информација.<br>7. Вклучување на граѓанскиот сектор (невладини организации со искуство во детски права и превенција од насилство) во дизајн и имплементација на програмата. |

| ПРЕПОРАКА 2 (едногласно усвоена)<br><br>Креирање буџетска програма за поддршка на талентирани ученици преку академии за вештини и стипендирање. | |
|---|---|
| Образложение:<br><br>Во општество кое се стреми кон развој, неопходно е да се препознаат и поддржат младите со потенцијал, без | Активности/мерки:<br>1. Зголемување на буџетот за млади за најмалку 50% во споредба со постојниот општински буџет.<br>2. Креирање на буџетска програма со вклучување на релевантни актери преку партиципативен процес- |

| | |
|---|---|
| разлика дали нивните таленти се академски, уметнички, спортски или технички. Оваа мерка:<br><br>• Ќе го мотивира учениците за континуирано вложување во сопствениот развој;<br>• Ќе овозможи градење на успешни и самоуверени млади личности;<br>• Ќе помогне во задржување на младите во нивните локални заедници, преку создавање на можности на локално ниво;<br>• Ќе поттикне чувство на припадност и одговорност кај младите кон нивната општина;<br>• Ќе овозможи вмрежување на талентирани ученици и нивно поврзување со ментори, експерти и поддржувачи. | - Локални младински совети (ЛМС),<br>- Младински работници,<br>- Општински службеници за млади,<br>- Експерти од областа на образование, култура и спорт.<br>3. Организирање на локални академии за вештини (јазична, дигитална, уметничка, научна, претприемачка и сл.), достапни и за урбани и рурални средини.<br>4. Стипендирање на ученици врз основа на јасно дефинирани критериуми, кои не се базираат исклучиво на просек, туку и на:<br>- Креативни достигнувања,<br>- Лидерски капацитети,<br>- Активно учество во заедницата,<br>- Резултати од натпревари, изложби, иновативни проекти итн.<br>5. Промоција на постигнувањата на корисниците на програмата преку социјални мрежи, општински медиуми и јавни настани.<br>6. Редовна евалуација и транспарентно известување за ефектите и опфатот на програмата. |

| ПРЕПОРАКА 3 (едногласно усвоена)<br><br>Поставување кантини и/или автомати за храна во основните и средните училишта. | |
|---|---|
| Образложение:<br><br>Во многу училишта учениците немаат лесен пристап до здрава и достапна храна во текот на учебниот ден. Воспоставувањето на училишни кантини и/или автомати за храна:<br><br>• Овозможува постабилен и лесен пристап до храна за сите ученици;<br>• Го подобрува чувството на безбедност (не мора да излегуваат од училишниот двор);<br>• Може да се користи како начин за генерирање дополнителен приход за училиштето;<br>• Помага во намалување на трошоците за исхрана, особено доколку има регулирани цени и | Активности/мерки:<br>1. Обезбедување соодветен простор во училиштето или неговата непосредна околина за поставување на кантина или автомат.<br>2. Склучување договор со прехранбена компанија, со дефинирани услови за квалитет, достапност и безбедност на храната.<br>3. Регулација на цените – воспоставување фер и достапен ценовник преку договор помеѓу училиштето и операторот.<br>4. Пренамена на приходот од киријата или продажбата (каде е возможно) за потреби на учениците (пример: учебни материјали, спортска опрема, културни активности).<br>5. Во училишта со прехрамбени струки, да се овозможи вклучување на учениците во подготовката на храната како дел од практичната настава.<br>6. Редовен мониторинг на условите, квалитетот и задоволството кај учениците. |

| | |
|---|---|
| вклученост на ученици од стручни прехрамбени насоки. | |

| ПРЕПОРАКА 4 (едногласно усвоена)<br><br>Обезбедување бесплатни хигиенски производи за менструална и лична во училишните тоалети. | |
|---|---|
| Образложение:<br><br>Хигиената е основно човеково право и не смее да биде третирана како привилегија. Недостапноста до хигиенски средства може да влијае на достоинството, здравјето и редовното присуство на учениците на настава, особено кај девојчињата. Со оваа мерка:<br><br>• Се овозможува достоинствена грижа за себе во училиштата;<br>• Се намалува ризикот од социјална стигматизација и отсуства од настава;<br>• Се праќа јасна порака за еднаквост и грижа од страна на образовниот систем. | Активности/мерки:<br>1. Издвојување средства од буџетот на училиштата или општините за редовна набавка на продукти за менструална и лична хигиена (влошки, влажни марамчиња, тоалетна хартија и слично).<br>2. Поставување на апарати или кабинети во женските и заедничките тоалети, достапни за учениците.<br>3. Спроведување на анонимна анкета со ученици за да се утврдат потребите и нивото на користење.<br>4. Редовна проверка и надополнување на апаратите/кабинетите со хигиенски продукти.<br>5. Промотивна кампања за информирање на учениците за достапноста на производите и начините на користење. |

| ПРЕПОРАКА 5 (5 ПРОТИВ, 7 ВОЗДРЖАНИ, 33 ЗА)<br><br>Гарантирана психолошка поддршка за ученици, најмалку еднаш месечно, од надворешни стручни лица. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Менталното здравје на учениците е сè позагрозено, особено поради појавите на психолошко и физичко насилство во училиштата. Учениците често немаат безбедна личност со која можат да разговараат за своите чувства и проблеми. Ова води до повлекување, | Активности/мерки:<br>1. Ангажирање на надворешни, лиценцирани психолози и психотерапевти од страна на општината или училиштето, кои ќе бидат достапни за учениците најмалку еднаш месечно.<br>2. Изработка на календар и систем за закажување консултации со почитување на приватноста на учениците. |

| | |
|---|---|
| зголемена анксиозност, депресивни состојби, па дури и напуштање на училиштето.<br><br>Дополнително, многу семејства немаат финансиски можности да обезбедат психолошка помош приватно. Затоа, оваа мерка има за цел да обезбеди пристапна, редовна и професионална психолошка поддршка за сите ученици. | 3. Одржување работилници и информативни сесии со ученици и родители за важноста од ментално здравје и кога треба да се побара помош.<br>4. Развој на флаери, постери и дигитални материјали за промоција на услугата и начините на пристапување.<br>5. Соработка со граѓански организации и стручни асоцијации кои работат во областа на ментално здравје за дополнителна поддршка и спроведување на активности.<br>6. Воспоставување механизам за повратна информација од учениците за да се следи ефектот на услугата и да се подобрува квалитетот. |

| ПРЕПОРАКА 6 (2 ПРОТИВ, 43 ЗА)<br><br>Воведување на мерка „Средношколски оброк“ по примерот на студентскиот оброк. | |
|---|---|
| Образложение:<br><br>Средното образование е задолжително, но многу ученици се соочуваат со финансиски предизвици, особено кога станува збор за основните животни потреби, како што е исхраната. Воведувањето на субвенциониран средношколски оброк ќе:<br><br>• Обезбеди подобри услови за учење и поголема енергија и концентрација кај учениците;<br>• Намали социјални разлики и ќе создаде чувство на еднаквост помеѓу учениците;<br>• Придонесе кон здравствена и социјална заштита на младите;<br><br>Ќе биде чекор кон подобрување на квалитетот на образованието и ученичкиот стандард. | Активности/мерки:<br>7. Финансиска анализа и проценка на потребните средства за воведување на мерката на локално или национално ниво.<br>8. Изработка на модел за имплементација (слично на студентскиот оброк), вклучувајќи:<br>9. Доделување на платежни картички, бонови или директни трансфери,<br>10. Дефинирање на дневен/месечен износ за оброкот,<br>11. Партнерство со угостителски објекти, училишни кујни или локални бизниси.<br>12. Дефинирање на критериуми за користење (пример: сите ученици, или приоритет за семејства со пониски приходи).<br>13. Мониторинг и евалуација на користењето на средствата и ефектите од мерката.<br>1. Кампања за информирање и промоција на мерката меѓу средношколците, родителите и наставниот кадар. |

| ПРЕПОРАКА 7 (1 ПРОТИВ, 6 ВОЗДРЖАНИ, 38 ЗА)<br><br>Формирање кариерни центри во училиштата достапни за учениците во текот на целата учебна година. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Постои недоволна информираност кај средношколците за можностите за понатамошно образование, кариерен развој и лична надградба. Голем број ученици се соочуваат со неизвесност и дилеми околу изборот на факултет, професија или вештини кои би ги развивале. Недостигот на професионална поддршка води до донесување одлуки без доволно информации, што влијае на идниот развој на младите.<br><br>Воспоставувањето кариерни центри во училиштата ќе обезбеди структуриран, достапен и континуиран процес на кариерно советување и поддршка, што е клучно за донесување информирани одлуки за иднината. | Активности/мерки:<br>1. Формирање на кариерен центар во рамки на секое училиште, со обезбедување простор и неопходни материјали.<br>2. Ангажирање на обучен кадар (педагог, психолог, или специјализиран советник) кој ќе биде одговорен за кариерното советување и ќе работи директно со учениците.<br>3. Континуирано присуство и достапност на центарот во текот на целата учебна година, со можност за индивидуални и групни сесии.<br>4. Развој на програма за кариерен развој која ќе опфаќа самопроценка, истражување на занимања, поддршка при избор на образование, запознавање со пазар на труд и развој на вештини.<br>5. Организирање на презентации, работилници, средби со професионалци, алумни и универзитети за запознавање со можности за понатамошен развој.<br>6. Креирање и дистрибуција на информативни материјали (флаери, брошури, онлајн ресурси) за учениците и нивните родители.<br>7. Соработка со општините, универзитетите, стопанските комори и невладиниот сектор за размена на информации, пракси и можности за учениците. |

# ОБЛАСТ СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 1 (10 ПРОТИВ, 35 ЗА)<br><br>Обезбедување општински буџет за инклузивни активности и обука на наставници за работа со лица со попреченост.</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>И покрај законските обврски, општините ретко обезбедуваат континуирана поддршка за лица со попреченост. Финансиска поддршка од општинскиот буџет за обуки, пристапни активности и видливост ќе придонесе кон социјална инклузија, намалување на дискриминација и чувството на отфрленост. Оваа мерка исто така ќе поттикне останување на лицата со попреченост во локалната заедница, зајакнување на емпатија и солидарност, како и унапредување на квалитетот на животот.</td><td>Активности/мерки:<br>1. Буџетирање на средства во рамки на општинскиот буџет за спроведување активности поврзани со инклузија на лица со попреченост.<br>2. Организирање консултативни средби со здруженија и организации кои работат на темата на попреченост.<br>3. Мапирање на моменталната состојба во училиштата, институциите и јавните простори со цел утврдување на капацитетите за инклузивно делување.<br>4. Организирање обуки за наставници и други клучни актери во локалната заедница за работа со деца и млади со попреченост.<br>5. Поставување механизам за транспарентност, преку кој општината секоја година ќе објавува извештај за искористените средства, постигнатите резултати и влијанието на мерките.<br>6. Размена на добри практики и вмрежување со други општини и чинители кои успешно ја имплементирале слична мерка.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 2 (едногласно усвоена)<br><br>Програма за бесплатна градинка за деца од социјално загрозени семејства</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>Голем број семејства со ниски приходи не можат да си дозволат да ги запишат своите деца во градинка, што влијае на развојот и социјализацијата на децата уште во раната возраст. Недостапноста на предучилишно образование го зголемува социјалниот јаз, ги ограничува можностите за учење и ги отежнува условите за вработување на родителите. Обезбедувањето на бесплатна градинка за децата од социјално загрозени</td><td>Активности/мерки:<br>1. Изработка на критериуми за определување на социјално загрозени семејства, во соработка со Центри за социјална работа.<br>2. Одвојување на посебен буџет од страна на општината за покривање на трошоците за:<br>- Храна и материјали за работа<br>- Плати за вработените<br>- Одржување и дополнителна поддршка на капацитетите на градинките</td></tr>
</table>

<table>
<tr>
<td>семејства претставува инвестиција во еднакви шанси, поддршка на семејствата и поттик на економската активност.</td>
<td>3. Промоција на програмата низ општината со цел информирање на родителите за правото на бесплатна градинка.<br>4. Развој на партнерства со невладини организации и донатори за дополнителна поддршка на услугите.<br>5. Континуирано следење и евалуација на влијанието на програмата врз вклученоста на децата и задоволството на родителите.<br>6. Обезбедување дополнителни работни места, како резултат на зголемен обем на работа во градинките.</td>
</tr>
</table>

<table>
<tr>
<td colspan="2">ПРЕПОРАКА 3 (едногласно усвоена)<br><br>Обезбедување пристапност во сите делови на училишниот објект за ученици со попреченост.</td>
</tr>
<tr>
<td>Образложение:<br>Голем дел од училишните објекти во Македонија сè уште не се целосно инклузивни и пристапни за ученици со попреченост. Недостатокот на соодветна инфраструктура доведува до чувство на оттуѓеност, дискриминација и исклученост кај учениците кои имаат физички или сензорни попречености. Ова ја намалува нивната можност за рамноправно учество во образовниот процес и социјалната интеракција со соучениците. Инвестирањето во пристапна инфраструктура претставува основен чекор кон создавање инклузивно и праведно училишно опкружување за сите ученици.</td>
<td>Активности/мерки:<br>1. Изработка на мапа на училишта каде не се спроведени адаптации за пристапност на лица со попреченост.<br>2. Обезбедување буџет од страна на општината за потребните градежни и технички интервенции.<br>3. Поставување рампи за лесен пристап до училишниот објект и внатрешните простории.<br>4. Инсталација на лифтови во училиштата со повеќе нивоа, за пристап до сите катови.<br>5. Адаптација на тоалетите според стандардите за употреба од лица со попреченост.<br>6. Обезбедување на помошни дигитални алатки – користење на таблети и други уреди за поддршка во наставата, особено во работа со СМАРТ табли.<br>7. Обука на наставниот и техничкиот кадар за правилно користење на адаптираната инфраструктура и чувствителен пристап кон ученици со попреченост.<br>8. Информирање и вклучување на родителите и учениците во процесот на адаптација и подобрување на пристапноста.</td>
</tr>
</table>

## ОБЛАСТ УРБАНИЗАМ

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 1 (едногласно усвоена)<br><br>Воведување јавен регистар на дивоградби и легализирани објекти во општината</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>Во услови на чест пораст на нерегуларна градба, неопходно е воспоставување на транспарентен систем кој ќе овозможи граѓаните да имаат увид во дивоградбите и процесот на нивна легализација. Јавниот регистар ќе придонесе за зголемена отчетност од страна на општинските служби, ќе го олесни граѓанскиот надзор и ќе помогне во спречување на идни манипулации или злоупотреби. Дополнително, ќе придонесе за планирање и развој на урбаната инфраструктура врз основа на реалната состојба.</td><td>Активности/мерки:<br>1. Мапирање на сите дивоградби на територијата на општината од страна на секторот за урбанизам.<br>2. Воспоставување на јавен електронски регистар што ќе вклучува информации за:<br>- Локација на дивоградбата<br>- Дали е во процес на легализација или веќе легализирана<br>- Преземени инспекциски надзори<br>3. Функционалност „Пријави дивоградба“ – дигитален канал (преку веб-страница или мобилна апликација) преку кој граѓаните можат анонимно или јавно да пријавуваат нерегуларна градба.<br>4. Објавување на извештаи за извршени надзори од страна на општинските инспектори, достапни на веб-страницата на општината.<br>5. Кампања за информирање на јавноста за користење на регистарот и механизмите за пријавување.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">ПРЕПОРАКА 2 (едногласно усвоена)<br><br>Изработка на регулациски урбанистички планови врз основа на реалните потреби на населението.</td></tr>
<tr><td>Образложение:<br>Во услови на брза урбанизација и градежен бум, урбаното планирање сè повеќе се води според интересите на инвеститорите, наместо според реалните потреби на жителите. Пренатрупаноста, недостигот на јавни површини и несоодветна инфраструктура го намалуваат квалитетот на живот. Воведувањето на сеопфатен регулациски план ќе овозможи</td><td>Активности/мерки:<br>1. Изработка на општинска анализа за бројот на жители, типологија на живеалишта и демографска структура во населените места.<br>2. Истражување на потребите на населението во однос на купување и изнајмување станбен простор, како и потребите за јавни и зелени површини.<br>3. Анализа на расположливи локации за градба, вклучувајќи проценка на теренската погодност и влијанието врз животната средина.</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| порамномерна распределба на урбаните зони, грижа за животната средина и транспарентно управување со просторот. | 4. Јавно објавување на податоците и анализите на веб-страницата на општината со цел зголемување на транспарентноста и вклучување на јавноста.<br>5. Изработка и усвојување на регулациски план кој ги вклучува резултатите од анализите и консултациите со јавноста. |

| ПРЕПОРАКА 3 (6 ПРОТИВ, 3 ВОЗДРЖАНИ, 36 ЗА)<br><br>Вклучување на младите во процесот на донесување детални урбанистички планови (ДУП-ови). | |
|---|---|
| Образложение:<br>Младите ретко се вклучени во процесите на урбанистичко планирање, иако урбаните решенија директно влијаат на нивниот квалитет на живот. Деталните урбанистички планови често се носат без консултација со младинските групи и нивните специфични потреби. Вклучувањето на младите ќе обезбеди поинклузивно и функционално урбано планирање, одразувајќи ги приоритетите на идните генерации. | Активности/мерки:<br>1. Воспоставување на обврзувачки механизам за јавни консултации со млади и младински организации пред секое усвојување или измена на ДУП.<br>2. Спроведување на анкетни истражувања меѓу младите на локално ниво, за да се идентификуваат нивните приоритети и идеи за развој на јавни површини, спортски и културни содржини, сообраќајни решенија и животна средина. |

| ПРЕПОРАКА 4 (едногласно усвоена)<br><br>Пренамена на неискористени општински објекти за содржини наменети за младите. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Во многу општини постојат објекти кои се во сопственост на локалната самоуправа, но не се користат. Овие простори претставуваат неискористен потенцијал кој може да се стави во функција на младите – како кино, театар, младински центар или мултифункционален простор. Со оваа мерка не само што се оптимизира јавниот имот, туку и се создава мотивација младите да останат и да се активираат во своите заедници. | Активности/мерки:<br>1. Мапирање на неискористени општински објекти и анализа на нивната состојба и потенцијал за пренамена.<br>2. Буџетирање – определување на најмалку 1% од општинскиот буџет за реконструкција и адаптација на просторот.<br>3. Партиципативен процес со млади за одредување на најсоодветната функција на просторот (кино, театар, младински клуб, coworking простор и сл.).<br>4. Распишување јавен конкурс за избор на организација или институција која ќе го менаџира просторот, со јасни критериуми за одржливост и инклузивност. |

| ПРЕПОРАКА 5 (1 ПРОТИВ, 6 ВОЗДРЖАНИ, 38 ЗА)<br><br>Воспоставување на пилот-пешачки зони во општините со над 40.000 жители во одреден временски период. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Во голем број општини, сообраќајната пренатрупаност, недостигот на јавни простори за пешачење и загадувањето значително ја намалуваат квалитетата на живот. Воспоставување пешачки зони во урбаните средини придонесува за подобро здравје на граѓаните, социјална интеракција, активирање на локалната економија и намалување на загадувањето. | Активности/мерки:<br>1. Идентификување на погодна урбана локација за затворање и редизајн како пешачка зона.<br>2. Информирање и едукација на граѓаните за бенефитите од пешачките зони (почиста средина, социјализација, локална економија).<br>3. Поставување содржини во зоната: урбана опрема, штандови, културни и спортски настани, храна, музика и др.<br>4. Спроведување анкета по завршување на пилот-периодот за собирање мислења и предлози од граѓаните.<br>5. Евалуација и можност за повторување/проширување на мерката врз основа на резултатите и повратната информација. |

| ПРЕПОРАКА 6 (4 ВОЗДРЖАНИ, 41 ЗА)<br><br>Инсталирање камери за мониторинг и заштита на јавните паркови и урбаната опрема. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Во јавните паркови честопати се случуваат оштетувања, кражби и вандализам врз урбаната опрема (клупи, канделабри, спортски реквизити и сл.), што директно го намалува квалитетот на јавниот простор и можноста за квалитетно поминување на слободното време – особено за младите. Воспоставување систем за видеонадзор ќе придонесе кон заштита на опремата и зголемена безбедност. | Активности/мерки:<br>1. Издвојување средства од општинскиот буџет за набавка, поставување и одржување на камери за видеонадзор.<br>2. Инсталација и редовен мониторинг на јавните паркови и урбаната опрема.<br>3. Поставување информативни табли за постоењето на видео-надзор (со цел превенција).<br>4. Воспоставување систем за јавна претставка, преку кој граѓаните можат да пријават оштетувања или неправилности.<br>5. Регуларна контрола и ревизија на снимките од страна на надлежни општински служби.<br>6. Поврзување со локалната полиција или комунална инспекција за брза интервенција во случај на вандализам. |

| ПРЕПОРАКА 7 (едногласно усвоена)<br><br>Обнова на застарената вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Голем број од постојните сообраќајни знаци и хоризонтална сигнализација (пешачки премини, линии за паркирање, ознаки на патишта) се оштетени, избледени или целосно недостасуваат. Оваа состојба директно ја загрозува безбедноста на пешаците, велосипедистите и возачите, особено во близина на училишта и јавни институции. | Активности/мерки:<br>1. Идентификација и мапирање на оштетени или недостасувачки сообраќајни знаци и ознаки, со приоритет на ризични локации (училишта, болници, крстосници).<br>2. Обнова на вертикалната сигнализација, вклучувајќи поставување нови и замена на оштетените знаци.<br>3. Обележување на хоризонтална сигнализација, со користење на долготрајни и рефлективни материјали. |

| ПРЕПОРАКА 8 (3 ВОЗДРЖАНИ, 42 ЗА)<br><br>Адаптација на патната мрежа и сигнализацијата според потребите на лицата со попреченост. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Постоечката патна инфраструктура и сигнализација не одговараат на потребите на лицата со попреченост, што резултира со ограничена мобилност, социјална исклученост и зависност од трети лица. Со цел обезбедување рамноправно учество во јавниот живот и подобрување на квалитетот на живот, неопходна е целосна адаптација на патната мрежа и поставување на инклузивна сигнализација. | Активности/мерки:<br>1. Изработка на сеопфатен план за адаптација на постојната патна мрежа, тротоари, премини и раскрсници според потребите на лицата со попреченост.<br>2. Инсталирање на звучна и визуелна сигнализација на клучни пешачки премини и семафори.<br>3. Поставување на тактилни патеки, рампи со соодветен наклон, и понизки рабници за пристапност на тротоари.<br>4. Приоритетна реконструкција на зоните околу јавни институции, училишта и здравствени установи. |

| ПРЕПОРАКА 9 (6 ВОЗДРЖАНИ, 39 ЗА)<br><br>Изградба на младински центар за забава  и рекреација (youth entertainment center) со културни и спортски содржини. | |
|---|---|
| Образложение:<br>Во повеќето општини во Северна Македонија недостасува инфраструктура посветена на младинско | Активности/мерки:<br>1. Обезбедување локација и буџет од страна на општината за изградба или адаптација на постоечки објект. |

| | |
|---|---|
| слободно време, што доведува до пасивност, изолација и заминување на младите во други градови. Со формирање на функционален младински забавен и културен центар, ќе се создаде простор за дружење, развој, спорт, култура и едукација. | 2. Консултативен процес со младите за дефинирање на приоритетни содржини – кино, театар, спортска сала, куглана, пинг-понг, тенис, coworking зона итн.<br>3. Разгледување на модели на јавно-приватно партнерство за одржливост и техничко опремување. |